Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-7238/2
23.07.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 22 јули 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.07.23 11:41:38 +02:00

Подготвил: Маја Богоевска, 23.07.2025
Проверил: Никола Пасков, 23.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 23.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 23.07.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.07.23 10:11:54 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 23.07.2025 10:01 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=4124bdcb-9617-4623-8fb2-d3136ff07e8d&docSharePointURL=/materijali/2025/638887757401443519/Documents/act(1).docx&materialId=c6773391-ba00-4149-9df9-81c4a9afa122** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и

Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади

ПОВЕРЕНИЦИ: Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и

Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,
по скратена постапка

Скопје, јули 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Северна Македонија задолжителното пензиско и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 и 75/25).
Со членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се уредува методологијата на усогласување на пензијата.
Со членот 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредува местото и начинот на поднесување на барање за остварување право од пензиско и инвалидско осигурување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување уредува измена на местото на поднесување на барањето за право од пензиско и инвалидско осигурување, како и преодно решение за усогласување на пензијата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложените изменувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување по скратена постапка предизвикуваат дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување предизвикува фискални импликации. Дополнителните фискални импликации за 2025 година изнесуваат 1.500.000.000 денари.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/23) се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 и 75/25), во член 127 во ставот (1) зборовите „местото на последното осигурување“ се заменуваат со зборовите „местото на живеење на осигуреникот“.

Член 2

(1) Одредбите од членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 и 75/25), не се применуваат во периодот од 1 септември 2025 година до 31 март 2026 година.

(2) Сите видови на пензии, кои се исплаќаат во Република Северна Македонија, на 1 септември 2025 година и на 1 март 2026 година се усогласуваат на начин што вкупниот месечен износ добиен од процентот за зголемување на пензиите пресметан како збир од 50% на порастот на индексот на трошоците на живот и 50% на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи, објавени од Државниот завод за статистика, се дели со вкупниот број на корисници на пензија кои правото на пензија го оствариле заклучно со 31 август 2025 година, односно 28 февруари 2026 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 се врши измена на местото на поднесување на барањето за остварување право од пензиско и инвалидско осигурување. Наместо местото на последното осигурување, со измената се предлага да биде местото на живеење на осигуреникот.
Со членот 2 се предвидува преодно решение за усогласување на пензиите, кое ќе важи за 1 септември 2025 година и 1 март 2026 година.
Членот 3 го уредува влегувањето во сила на законот, кое е денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со донесување на Предлогот на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се предлага да се менува местото на поднесување на барање за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување.
Со измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување се предлага на 1 септември 2025 година и на 1 март 2026 година, усогласување на пензиите поинаков начин на усогласување од член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 и 75/25).

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на Законот за пензиското и инвалидското осигурување по скратена постапка се предвидува местото за поднесување на барањето за остварување на право на пензиско и инвалидско осигурување да биде местото на живеење на осигуреникот, како и се обезбедува соодветно усогласување на пензиите.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА ОД ЗАКОНОТ КОЈА СЕ МЕНУВА

### Член 127

(1) Барање за остварување право од пензиско и инвалидско осигурување во хартиена форма се поднесува во филијалите и деловниците на Фондот, според местото на последното осигурување или преку електронски пристап на веб страницата на Фондот.
(2) Во постапката за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување ќе се применуваат прописите за општа управна постапка.
(3) Фондот со Статут, во согласност со одредбите на овој закон, поблиску го уредува начинот на остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

## FORMULAR PËR VLERËSIM TË IMPLIKIMEVE FISKALE PËR PROPOZIM DISPOZITAT DHE AKTET E PËRGJITHSHME TË DORËZUARA NË QEVERINË E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR MIRATIMIN E TYRE

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Назив на предлогот:** | | | **Titulli i propozimit:** | | |
| Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка | | | Propozim-ligj për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor, me procedurë të shkurtuar | | |
| **2. Министерство / орган на државна управа:** | | | **Ministria/organi i administratës shtetërore** | | |
| Министерство социјална политика, демографија и млади | | | Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve | | |
| **3. Цел на предлогот:** | | | **Qëllimi i propozimit** | | |
| Разгледување и усвојување | | | Shqyrtimi dhe miratimi | | |
| **4. Вид на предлог:** | | | **Lloji i propozimit:** | | |
| Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка | | | Miratimi i Ligjit për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor, me procedurë të shkurtuar | | |
| **5. Контакт лице и звање:** | | | **Personi për kontakt dhe titulli:** | | |
| Јехона Рамадани- Раководител на сектор | | | Jehona Ramadani -Udhëheqëse Sektori | | |
| **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** | | | **Telefoni për kontakt/faksi ose e-mail:** | | |
| | | | | | |
| **7. Активност:** | | | **Aktiviteti:** | | |
| Дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување | | | Plotësim i Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor | | |
| **8. Вид на барање:** | | | **Lloji i kërkesës:** | | |
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми | ( ) Rregullativa në lidhje me BE | ( ) Program i ri | ( ) Shpërndarja (e mjeteve) ndërmjet dy programeve |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми | ( ) Rregullativë tjetër të re | ( ) Rritja/ulja e programit ekzistues | ( ) Ngjitja e dy apo më shumë programeve |
| **9. Цел на барањето / предложената активност:** | | | **Qëllimi i kërkesës/aktiviteti i propozuar:** | | |
| Утврдување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена | | | Përcaktimi i Propozim-ligjit për ndryshimin dhe plotësim të Ligjit për sigurim pensional dhe invalidor, me procedurë të shkurtuar | | |

| | |
|---|---|
| постапка | |
| 10. Врска со владината програма: | Lloji i programit qeveritar: |
| | |

| 11. Фискални импликации: / | (илјади денари) | | | | Implikimet fiskale:/ | (mijëra denarë) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тековна | Втора год. | Трета год. | Четврта год. | | Viti aktual | Viti i dytë | Viti i tretë | Viti i katërt |
| Предизвикува дополнителни фискални импликации | 1.500.000.000 денари | | | | Shkakton implikime fiskale shtesë | 1.500.000.000 denarë | | | |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | Shpenzime të përgjithshme për propozimin<br>Paga<br>Mallra dhe shërbime<br>Kapital<br>Transfere<br>Gjithsej | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | | Mjete të miratuara për propozimin<br>Paga<br>Mallra dhe shërbime<br>Kapital<br>Transfere<br>Gjithsej | | | | |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (B-A)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | | Ndryshimi (dallimi) nga mjetet e miratuara (B-A)<br>Paga<br>Mallra dhe shërbime<br>Kapital<br>Transfere<br>Gjithsej | | | | |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | | | | | Mjetet e disponueshme për derdhjen (nga aktivitetet ose programet tjera në organ) propozimin | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно | | | | | Paga<br>Mallra dhe shërbime<br>Kapital<br>Transfere<br>Gjithsej | | | | |
| E.Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | | Neto implikimet e mjeteve të organit (C-D)<br>Paga<br>Mallra dhe shërbime<br>Kapital<br>Transfere<br>Gjithsej | | | | |
| F.Зголемување / намалување на приходите | | | | | Rritja/ulja e të hyrave | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: | | | | | Burimet shtesë të financimit ose shpërndarjes së shpenzimeve<br>Burimi: | | | | |
| H. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | | Rritja/ulja neto e numrit të punësuarve në lidhje me propozimin: | | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G) | | | | | Çfarë garanci, hua ose obligime reale ose të mundshme do të rrjedhin për Qeverinë (e të cilat nuk janë dhënë në pikën 11 A deri 11G) | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или | | | | | Çfarë garanci, hua ose obligime reale ose të mundshme | | | | |

3

| | | | |
|---|---|---|---|
| можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G) | | do të rrjedhin për Qeverinë (e të cilat nuk janë dhënë në pikën 11 A deri 11G) | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | | Nëse kjo paraqet kërkesë për mjete shtesë në vitin aktual fiskal ose jashtë ciklit normal të përgatitjes së buxhetit, të jepet arsyetim | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | Data e përfundimit të vlerësimit | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | | Data e parashtrimit të Analizës në Ministrinë e Financave për marrjen e pëlqimit | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | | Data a marrjes së përgjigjes nga Ministria e Financave | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | | Ndryshimet e kërkuara nga Ministria e Financave | |
| 19. Измени побарани од Министерството за финансии | | | |
| 20. Одговор на министерството-предлагач: | | Përgjigja e Ministrisë-propozuese: | |
| 21. Одговор од Министерството за финансии: | | Përgjigja e Ministrisë së Financave: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | | A është dhënë bashkëngjitur pëlqimi i Ministrisë së Financave | |
| 23. Одобрено / Дата: | | Miratuar/Data: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Fatmir Sabriu<br>Потпис на државен секретар или директор на орган<br>Nënshkrimi i Sekretarit shtetëror ose drejtorit të organit | 22.07.2025<br>Ден / месец / год.<br>dita/muaji/viti<br>22 07- 2025 | Министер/ Ministri<br>Fatmir Limani | 22.07.2025<br>Ден/ месец/год.<br>dita/muaji/viti |

5

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за социјална политика, демографија и млади |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка |
| Одговорно лице и контакт информации: | Јехона Рамадани |
| Вид на Извештај | ☒ Нацрт |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | 22.07.2025 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Во Република Северна Македонија пензиското и инвалидското осигурување како област е уредена со Законот за пензиското и инвалидско осигурување („Службен весник на РМ" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 180/19, 245/19, 301/20, 267/20, 67/22 79/23, 193/24 и 75/25). Со член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредува методологијата на усогласување на пензијата. Со членот 127 се уредува местото и начинот на поднесување на барање за остварување право од пензиско и инвалидско осигурување.

1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Со овој Предлог на Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување се врши измена на местото на поднесување на барањето за право од пензиско и инвалидско осигурување, како и преодно решение за усогласување на пензијата..

## 2. Цели на предлог регулативата

Со предложеното решение ќе се уредува измена на местото на поднесување на барањето за право од пензиско и инвалидско осигурување, како и преодно решение за усогласување на пензијата.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Со не донесување на законот осигурениците ќе поднесуваат барање за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување во филијала/деловница на Фондот според место на последно осигурување , што претставува отежнителна околност за осигурениците кога местото на последно осигурување е различно од местото на живеење на осигуреникот. Со преодниот начин на усогласување на пензиите се овозможува линеарно зголемување на пензиите, доколку не се менува пензиите ќе се усогласат процентуално според методологијата од член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

*3.2Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со донесување на Предлогот на Законот за изменување Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе се врши измена на местото на поднесување на барањето за право од пензиско и инвалидско осигурување, како и преодно решение за усогласување на пензијата. Со промена на месната надлежност на филијалите и деловниците на Фондот со замена на местото на последното осигурување со местото на живеење да може да се поднесуваат барањата на осигурениците за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување се олеснува и поедноставува за осигурениците начинот на поднесувањето на барањето. Со предвидување на нов преоден начин на усогласување на пензиите за септември 2025 година и март 2026 година, сите пензии ќе се зголемат во ист износ во овој период.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија
НЕ
4.2 Фискални влијанија
ДА
4.3 Социјални влијанија
НЕ
4.4 Влијанија врз животната средина
НЕ

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б) трошоци за почитување на регулативата

5. **Консултации**

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за финанси и Фондот на пенизиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

6. **Заклучоци и препорачано решение**

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Со донесување на Предлогот на Законот за изменување Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе се врши измена на местото на поднесување на барањето за право од пензиско и инвалидско осигурување, како и преодно решение за усогласување на пензијата. Со промена на месната надлежност на филијалите и деловниците на Фондот со замена на местото на последното осигурување со местото на живеење да може да се поднесуваат барањата на осигурениците за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување се олеснува и поедноставува за осигурениците начинот на поднесувањето на барањето. Со предвидување на нов преоден начин на усогласување на пензиите за септември 2025 година и март 2026 година, сите пензии ќе се зголемат во ист износ во овој период.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Со не донесување на законот осигурениците ќе поднесуваат барање за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување во филијала/деловница на Фондот според место на последно осигурување , што претставува отежнителна околност за осигурениците кога местото на последно осигурување е различно од местото на живеење на осигуреникот. Со преодниот начин на усогласување на пензиите се овозможува линеарно зголемување на пензиите, доколку не се менува пензиите ќе се усогласат процентуално според методологијата од член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

6.3 Препорачано решение со образложение

Со донесување на Предлогот на Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ќе се врши измена на местото на поднесување на барањето за право од пензиско и инвалидско осигурување, како и преодно решение за усогласување на пензијата.

7. **Спроведување на препорачаното решение**

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

НЕ

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување
НЕ

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

7.4. Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон
НЕ

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Следењето ќе биде спроведено од страна на Министерство за социјална политика, демографија и млади, Министерство за финансии и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:

Fatmir Sabriu
потпис на државен секретар

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум: 22.07.2025 година

Fatmir Limani

потпис на министерот